# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14 и 166/14) по членот 54 се додава нова глава VI-а, нов поднаслов и нов член 54-а кои гласат:
"VI-А РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Постапка за издавање на решение за траен режим на сообраќај на државните патишта и постапка за издавање на одобрение за времена измена на режимот на сообраќај на државните патишта

**Член 54-а**

(1) Постапката за издавање на решение за траен режим на сообраќај и постапката за издавање на одобрение за времен режим на сообраќај се водат согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка.
(2) За добивање на решение за траен режим на сообраќај и постапката за издавање на одобрение за времен режим на сообраќај се поднесува барање во електронска форма до Министерството за транспорт и врски со следнава документација:
- сообраќаен проект (изготвен од лиценциран субјект-проектант) за добивање на решение за траен режим на сообраќај и за добивање на одобрение за времен режим на сообраќај и/или
- извод од важечка државна урбанистичка планска документација или урбанистички план вон населено место со конкретна намена на локацијата за која се бара утврдување на режим на сообраќај при приклучување на придружно услужни објекти на државни патишта и приклучување на друг тип на објекти кои може да се приклучат на државни патишта или договор за експлоатација при приклучок на концесионо поле со графички приказ на концесионото поле во соодветен размер и/или
- договор за изведување работи на пат од надлежна институција – Јавно претпријатие за државни патишта или договор за изведување на работи за приклучување на придружно услужни објекти на државни патишта и приклучување на друг тип на објекти кои може да се приклучат на државните патишта.
(3) Министерството за транспорт и врски е должно во рок од пет работни дена од приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали барањето е комплетно, дали доставената документација има недостатоци, дали сообраќајниот проект е изработен во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.
(4) По спроведувањето на дејствијата од ставот (3) на овој член, доколку се утврди дека доставената документација е комплетна, Министерството за транспорт и врски е должно да постапи согласно со ставот (6) на овој член, а во спротивно е должно да донесе заклучок за прекинување на постапката со кој ќе го задолжи барателот да ги отстрани констатираните недостатоци и да го дополни барањето во рок од осум дена од денот на приемот на заклучокот.
(5) Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во рокот од ставот (4) на овој член, надлежниот орган е должен да донесе решение за одбивање на барањето, а доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци, го дополни барањето во рокот од ставот

(4) на овој член, надлежниот орган е должен да постапи согласно со ставот (6) на овој член.
(6) Доколку доставената или дополнетата документација е комплетна и се исполнети условите од ставот (4) на овој член, за добивање на согласност, Министерството за транспорт и врски е должно во рок од три дена од комплетирањето на документација во електронска форма да го достави барањето со целокупната документација до Министерството за внатрешни работи и до Јавното претпријатие за државни патишта во постапката за издавање на решение за траен режим на сообраќај односно само до Министерството за внатрешни работи во постапката за издавање на одобрение за времена измена на режимот на сообраќај.
(7) По добивањето на барањето за добивање на согласност од став (6) на овој член, субјектите од став (6) на овој член се должни во рок од осум дена во електронска форма да одговорат дали ја даваат бараната согласност. Доколку во наведениот рок субјектите од став (6) на овој член не дадат одговор по однос на барањето за добивање согласност од став (6) на овој член, ќе се смета дека дале согласност.
(8) Решението за траен режим на сообраќај односно одобрението за времена измена на режимот на сообраќај се издаваат во рок од пет работни дена од добивањето на согласностите од субјектите од став (6) на овој член.
(9) Формата и содржината на барањето за издавање на решение за траен режим на сообраќај и на барањето за издавање на одобрение за времена измена на режимот на сообраќај ги пропишува министерот за транспорт и врски.
(10) Постапката за добивање на решение за траен режим на сообраќај и за добивање на одобрение за времена измена на режимот на сообраќај се спроведува во електронска форма, преку информациски систем е-режим на сообраќај воспоставен од Министерството за транспорт и врски.
(11) Корисници на информацискиот систем е-режим на сообраќај се Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи и Јавното претпријатие за државни патишта.
(12) Размената на податоци меѓу корисниците на информацискиот систем е-режим на сообраќај се потврдува од страна на корисникот со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач.
(13) Барателот одговара за веродостојноста на сите документи кои се доставени со барањето во електронска форма преку информацискиот систем е-режим на сообраќај, со оригиналните документи кои се издадени од надлежните субјекти.
(14) Решението за траен режим на сообраќај односно одобрението за времена измена на режимот на сообраќај издадени врз основа на документи доставени во електронска форма преку системот е-режим на сообраќај, кои не се веродостојни со оригиналните документи издадени од надлежните субјекти, се ништовни.
(15) Минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста и начинот на користење на информацискиот систем од ставот (10) на овој член ги пропишува Владата на Република Македонија по предлог на министерот. "

**Член 2**

Во членот 69 став (1) по точката 12) се додава нова точка 13), која гласи:
„13) вршат инспекциски надзор и согласно одредбите од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност."

**Член 3**

Во членот 72 став (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со

зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".
Во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

**Член 4**

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Одредбата од членот 1 со која се додава нова глава VI-а „РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА", нов наслов и нов член 54-а „Постапка за издавање на решение за траен режим на сообраќај на јавните патишта и постапка за издавање на одобрение за времена измена на режимот на сообраќај на јавните патишта" од овој закон ќе отпочне да се применува од 15 јуни 2015 година.
Одредбата од членот 2 со која член 69 се дополнува со нова точка 13) од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примена на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" број 199/14).
Одредбата од членот 3 од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување на примена на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 130/14).

**Член 6**

Одредбите од членот 54-а став 2 од овој закон кои се однесуваат на доставувањето на извод од важечка урбанистичка планска документација или извод од урбанистички проект со конкретна намена на локацијата заради добивање на решение за траен режим на сообраќај на јавните патишта, нема да се однесуваат на правните лица кои вршат дејност
станица за технички преглед на возила, а кои имаат добиено одобрение за градба за објектот во кој вршат дејност и овластување за вршење на технички преглед на возила до 31.12.1991 година и се наоѓаат во општини за кои до влегувањето во сила на овој закон не е донесена важечка урбанистичка планска документација (ГУП и ДУП) или важечки урбанистички проект со конкретна намена на локацијата.
Правните лица кои вршат дејност станица за технички преглед на возила согласно ставот 1 од овој член се должни во период од шест месеци од денот на донесувањето на урбанистичка планска документација или важечки урбанистички проект со конкретна намена на локацијата да поднесат барање за утврдување на траен режим на сообраќај согласно овој закон.
На правните лица кои вршат дејност станица за технички преглед на возила кои нема да постапат согласно ставот 2 на овој член ќе им биде одземено постојното решение за утврдување на траен режим на сообраќај.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".